Neni 5

(1) Agjencia mban një listë të të dhënave dhe informacioneve me të cilat disponon, që janë të disponueshme publikisht.

(2) Lista nga paragrafi (1) i këtij neni publikohet në faqen e internetit të Agjencisë, me datën e përditësimit të fundit.

NDIKIMI I PUBLIKUT

Neni 6

(1) Agjencia organizon mbledhje publike të paktën dy herë në vit me të gjitha palët e interesuara, me qëllim që t'u mundësojë atyre të njihen me punën e Agjencisë dhe t'u jepet mundësia të shprehin qëndrimet dhe mendimet e tyre për zhvillimin e komunikimeve elektronike në Republikën e Maqedonisë, e veçanërisht për:

- gjendjet në tregun e komunikimeve elektronike,
- realizimin e aktiviteteve dhe përmbushjen e objektivave nga programi vjetor i punës së Agjencisë, dhe
- të drejtat e të gjithë përdoruesve fundorë, duke përfshirë personat me aftësi të kufizuara, lidhur me ofrimin e shërbimeve publike të komunikimeve elektronike.

(2) Mbledhjet publike nga paragrafi (1) i këtij neni mbahen të paktën një herë në gjysmën e parë dhe një herë në gjysmën e dytë të vitit kalendarik.

Neni 7

(1) Në mbledhjet publike nga neni 6, paragrafi (1) i kësaj rregulloreje ftohen detyrimisht të gjithë operatorët që ofrojnë rrjete dhe/ose shërbime publike të komunikimeve elektronike.

(2) Qëndrimet dhe mendimet e marra nga mbledhja publike me palët e interesuara, si dhe qëndrimi i Agjencisë lidhur me to, publikohen nga Agjencia në faqen e saj të internetit brenda shtatë ditëve nga mbajtja e mbledhjes publike.

(3) Ftesa për pjesëmarrje në mbledhjet publike nga paragrafi (1) i këtij neni u dërgohet jo më vonë se 15 ditë para ditës së mbajtjes së mbledhjes publike. Ftesa mund të dërgohet edhe nëpërmjet postës elektronike dhe ajo publikohet në faqen e internetit të Agjencisë.

(4) Ftesa për pjesëmarrje në mbledhjet publike duhet të përmbajë informacione për datën dhe vendin e mbajtjes së mbledhjes publike, si dhe agjendën e mbledhjes publike.

Neni 8

(1) Pjesëmarrja në mbledhjen publike konfirmohet me:
- njoftim me shkrim drejtuar Agjencisë
- njoftim përmes postës elektronike ose
- portali i regjistrimit në internet që do të jetë i mundësuar nga Agjencia.

(2) Konfirmimi për pjesëmarrjen në mbledhjen publike duhet t'i dorëzohet Agjencisë jo më vonë se pesë ditë para ditës së mbajtjes së mbledhjes publike dhe në të duhet të shënohen emrat e përfaqësuesve që do të marrin pjesë në mbledhjen publike.

Neni 9

(1)Pavarësisht detyrimit për mbajtjen e mbledhjeve publike nga neni 6 i kësaj rregulloreje, Agjencia para se të miratojë ose ndryshojë aktet nënligjore ose vendimet në kompetencën e saj, të cilat ndikojnë ndjeshëm në tregun përkatës të komunikimeve elektronike, si dhe para miratimit të programit vjetor të punës së Agjencisë për vitin pasues, duhet të publikojë në faqen e saj të internetit vendimin e propozuar ose aktin nënligjor të propozuar, përkatësisht programin e propozuar vjetor të punës së Agjencisë për vitin pasues, me qëllim që të sigurohet një debat publik, i cili u mundëson të gjitha palëve të interesuara të shprehin mendimet, pikëpamjet dhe qëndrimet e tyre lidhur me to.

(2) Afati i debatit publik nuk duhet të jetë më i shkurtër se 15 ditë nga dita e publikimit të akteve të propozuara nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Pas skadimit të afatit nga paragrafi (2) i këtij neni, dhe para miratimit të akteve nga paragrafi (1) i këtij neni, Agjencia publikon në faqen e saj të internetit mendimet dhe komentet e marra, si dhe qëndrimin e Agjencisë lidhur me to, duke mos publikuar informacionet dhe të dhënat konfidenciale.

(4) Para miratimit të akteve nga paragrafi (1) i këtij neni, Agjencia mund të mbajë edhe një mbledhje publike me palët e interesuara në përputhje me nenin 7 të kësaj rregulloreje.

MËNYRA E BASHKËPUNIMIT ME PËRFAQËSUESIT E ORGANIZATAVE TË PËRDORUESVE TË SHËRBIMEVE TË KOMUNIKIMEVE ELEKTRONIKE

Neni 10

(1) Agjencia organizon një mbledhje me përfaqësuesit e organizatave të përdoruesve të komunikimeve elektronike, me qëllim shkëmbimin e informacioneve, pikëpamjeve dhe përvojave për mbrojtje më të madhe të të drejtave të përdoruesve, duke përfshirë personat me aftësi të kufizuara. Mbledhja organizohet të paktën një herë në vit.

(2) Pjesëmarrës në këtë mbledhje janë përfaqësuesit e organizatave të përdoruesve që përfaqësojnë interesat e tyre.

(3) Ftesa për pjesëmarrje në mbledhjen publikohet të paktën 15 ditë para mbajtjes së mbledhjes, ndërsa procesverbali i mbledhjes publikohet në faqen e internetit të Agjencisë brenda 15 ditëve nga dita e mbajtjes së mbledhjes.

Neni 11

Me hyrjen në fuqi të kësaj Rregulloreje, pushon së qeni e vlefshme Rregullorja për sigurimin e transparencës në punën e Agjencisë për Komunikime Elektronike, numër 0201-2581/6, e datës 07.10.2015.

Neni 12

Kjo Rregullore hyn në fuqi të nesërmen e ditës së shpalljes së saj në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut"

Pas hyrjes në fuqi, kjo Rregullore do të publikohet në faqen e internetit të Agjencisë.

Nr. 0101-1189/4
14.7.2026 Drejtor,
Shkup **Nusret Haliti,** d.v.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2452.**

Врз основа на член 10 став (2), член 79 став (1), член 88 став (3) и член 91 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), а во врска со член 3 од Мулилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Реублика Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр.27/07 и 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА АЕРОДРОМИ И ПРЕПРЕКИ**

Член 1

Во Правилникот за аеродроми и препреки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/25 и 4/26), во член 6 став 1 во алинејата 2 зборовите: „Одлуката бр. 2022/006/R“ се заменуваат со зборовите: „Одлуката бр.2025/004/R“.

Член 2

Во членот 6-а точката на крајот на членот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „согласно Упатството за определување и известување на носивост на коловозната конструкција на аеродром со примена на ACR-PCR метод донесено од страна на Агенцијата.”

Член 3

Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Во Прилогот 3, точката 14.1 се брише.

Точките 14.2, 14.3, 14.4, 14.5 и 14.6 стануваат точки 14.1, 14.2, 14.3, 14.4 и 14.5.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-999/2
14 јули 2026 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно
воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

ПРИЛОГ 2

**Посебните услови за изградба, одржување и користење на спортски аеродроми и леталишта**

ДЕЛ ЕДЕН - ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**1. Опсег**

1.1 Со овој прилог се пропишуваат посебните услови за изградба, одржување и користење на спортски аеродроми и леталишта, како и ограничувањата за тие аеродроми и леталишта.

1.2 Овој прилог се однесува на спортски аеродроми и леталишта кои се отворени за јавно користење и кои првенствено се наменети за специјализирани и некомерцијални операции со авиони, но исто така можат да се користат и за комерцијални операции и/или операции со хеликоптери доколку тоа го дозволуваат нивната намена и капацитет.

1.3 Со овој прилог се пропишува формата, содржината и евиденцијата на одобренијата за исполнување на условите за безбедносно користење на спортски аеродроми и леталишта, како и постапката за нивно издавање или промена.

**2. Поими**

При спроведувањето на одредбите од овој прилог, одделни поими го имаат следното значење:

1. Спортски аеродром е определена површина (вклучувајќи ги и сите објекти, инсталации и опрема) на копно или вода наменета да се користи, целосно или делумно, за слетување, полетување и движење на воздухоплови по површината и која е првенствено наменета за некомерцијални операции;

2. Визуелни средства се ознаки и уреди за сигнализација, светла, сигнали и маркери или нивни комбинации;

3. Воведен лет е секоја операција која се врши за надоместок, што вклучува краток лет со цел привлекување нови кандидати/пилоти или нови членови, спроведена од организација за обука наведена во член 10а од ЕУ Регулативата 1178/2011 или организација основана со цел да се промовира воздушниот спорт или рекреативното летање;

4. Полетно-слетна патека (во понатамошниот текст: ПСП) е определена правоаголна површина на спортскиот аеродром/леталиштето наменета за полетување или слетување на воздухоплови;

5. Декларирани/објавени растојанија (должини) се:

- TORA – Расположива должина за залет (Take-Off Run Available):

Должина на ПСП која е објавена како расположива и е погодна авионот да земе залет за полетување;

- TODA – Расположива должина за полетување (Take-Off Distance Available):

Вкупна должина на TORA и CWY (ако има).

- ASDA – Расположива должина за прекинато полетување (Accelerate Stop Distance Available):

Вкупна должина на TORA и SWY (ако има) и

- LDA – Расположива должина за слетување (Landing Distance available):

Должина на ПСП која е објавена како расположива и погодна воздухопловот да запре при слетување;

6. Контролиран воздушен простор (CTR) е простор околу воздухопловно пристаниште кој се протега од површината на полетно/слетната патека до одредена горна граница, воспоставена за заштита на воздушниот сообраќај до/од тоа воздухопловно пристаниште.

7. Леталиште (Airfield) е определена копнена или водна површина што ги исполнува пропишаните услови за безбедно полетување и слетување на воздухоплови за вршење на специјализирани операции кои, по правило, се користат за земјоделство, шумарство и слично;

8. Маневарски површини се дел од аеродромот/леталиштето кој се користи за полетување, слетување и таксирање на воздухоплови на земја, со исклучок на платформите;

9. Неинструментална полетно/слетна патека е ПСП наменета за операции на воздухоплови по процедури за визуелен приод;

10. FOD непотребни предмети и отпадоци се предмети во областа на движење кои немаат оперативна или воздухопловна функција и претставуваат опасност за безбедноста на воздушниот сообраќај;

11. Зона на спортски аеродром/леталиште е дефинирана област на која се применуваат правилата за визуелно летање (VFR);

12. Некомплексен воздухоплов е:

а) воздухоплов:

- со максимална дозволена маса на полетување што не надминува 5.700 kg, или

- сертифициран за максимален број на патнички места не поголем од 19, или

- сертифициран за операции со еден пилот, или

- опремен со максимум еден турбопроп мотор или

б) хеликоптер:

- со максимална дозволена маса на полетување што не надминува 3.175 kg, или

- сертифициран за максимален број на патнички места не поголем од 9, или

- сертифициран за операции со еден пилот;

в) воздухоплови со ротор што не се навалува;

13. Оперативни површини се дел од аеродромот/леталиштето што се користи за полетување, слетување и таксирање на воздухоплови на земја, а се состои од простор за маневрирање и платформа/и;

14. Оператор на аеродром/леталиште е физичко или правно лице кое има важечко одобрение за работа;

15. Основна патека (во понатамошниот текст: ОП) е прецизно дефинирана правоаголна површина која ја опфаќа полетно/слетната патека (ПСП) и е наменета да го намали ризикот од оштетување на воздухоплов што излетува од ПСП и за заштита на воздухоплов што лета над неа при полетување или слетување;

16. Праг на ПСП е почеток на делот од ПСП на спортскиот аеродром/леталиштето кој се користи за слетување;

17. Референтна точка на аеродром/леталиште е точката која се наоѓа во геометрискиот центар на аеродромот или во негова близина и вообичаено останува онаму каде што е првпат воспоставена;

18. Сигнално подрачје е област бочно од спортскиот аеродром/леталиштето, видлива од сите правци на школскиот круг, наменета за давање на визуелни сигнали од земја;

19. Специјализирани операции (Specialized operations) се било кои летачки операции, кои не претставуваат комерцијален воздушен транспорт и во кои воздухопловот се користи за специјализирани активности како што се: земјоделството, градежништвото, фотографирање, снимање, набљудување и патролирање, рекламирање, проверка на одржување и друго и

20. Управител на спортски аеродром/леталиште е физичко лице кое е одговорно за проверка на распоредот на областите за маневрирање, обезбедување информации на корисниците на аеродромот/леталиштето и активирање на спасување, доколку е потребно.

## ДЕЛ ДВА – УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ АЕРОДРОМ И ЛЕТАЛИШТЕ

### Поддел I – Општи услови за спортски аеродром

#### 3. Изградба, одржување и користење на спортски аеродром

3.1 Планирањето, проектирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и користењето на спортски аеродром се врши согласно условите утврдени во стандардите и препорачаните практики на Анекс 14, Том I на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Чикашка конвенција).

3.2 Посебните услови за планирање, проектирање, изградба, реконструкција, одржување и користење на спортски аеродром утврдени со овој прилог се применуваат соодветно на класата и категоријата на аеродромот.

3.3 При планирање, проектирање и/или изградба на нов спортски аеродром, податоците за пресметка на факторот за искористеност на ПСП од влијанието на ветерот се добиваат врз основа на испитувања од најмалку пет последователни години за спортски аеродром и леталиште и три последователни години за аеродром на водена површина.

3.4 При планирање, проектирање и/или изградба на спортски аеродром и уредување на околниот терен, изградба на бетонска или асфалтна ПСП, како и други објекти во рамките на аеродромот, потребно е да се земат во предвид прописите и стандардите од областа на градење и планирање на просторот.

3.5 На постапката за добивање на одобрение за исполнување на условите за безбедно користење на спортски аеродром (во натамошниот текст: одобрение за безбедно користење на спортски аеродром) соодветно се применуваат одредбите од точка 4 на Додаток 1 кој е составен дел на овој прилог.

#### 4. Податоци за аеродромот

4.1 Операторот на спортски аеродром врз основа на претходно склучен договор му доставува на давателот на ATM/ANS услуги, податоци и информации за аеродромот и услугите кои се достапни на него.

4.2 За аеродроми со ICAO кодна ознака, давателот на ATM/ANS услуги на барање на операторот на спортски аеродром ги објавува податоците за аеродромот во Зборникот на воздухопловни информации (во понатамошниот текст: AIP), дел AD 4_VFR Aerodromes согласно Правилникот за давање на ATM/ANS услуги.

4.3 Операторот на спортски аеродром треба редовно да ги ажурира податоците кои се објавени во AIP и навремено да го извести давателот на ATM/ANS услуги доколку утврди дека одредени податоци/информации кои се однесуваат на аеродромот се неточни или променети.

4.4 Доколку податоците за аеродромот се објавени во AIP, операторот на спортски аеродром треба да го извести давателот на ATM/ANS услуги за:

- затворање на аеродромот или ПСП (или нивни делови) или значителни промени во нивното работење;
- прекин на услугите на аеродромот или значителни промени во нивното работење;
- прекинување на оперативниот капацитет на комуникациските услуги воздух-земја за кои е одговорен операторот на аеродромот или значителни промени во нивниот оперативен капацитет;
- недостапност на резервни и секундарни системи кои имаат директно оперативно влијание;
- поставување или отстранување на визуелни средства или нивни промени;
- појава или отстранување на големи дефекти или пpепреки на маневарските површини;
- промени или ограничувања во достапноста на гориво, масло и сл.;
- поставување или отстранување или промени на препреки во областите на полетување, приод и ПСП;
- присуство, елиминација или значителна промена на опасните услови поради снег, кашест снег, мраз, радиоактивни материјали, токсични материи, наслаги од вулканска пепел или вода во областите за движење;
- влажна ПСП или нејзин дел;
- недостапност на ПСП поради обележување на пистата и доколку е потребно, информации за временското доцнење неопходно за да се обезбеди достапност на пистата, доколку опремата што се користи за таква работа може да се отстрани;
- присуство на опасности кои влијаат на навигацијата во воздушниот сообраќај, вклучително и присуство на диви животни, препреки и сл.

### Поддел II – Заеднички услови за спортски аеродроми и леталишта

#### 5. Задолжителна опрема

5.1 Операторот на спортски аеродром/леталиште, за време на негово користење, треба да обезбеди метеоролошка, противпожарна и опрема за прва помош.

5.2 Метеоролошката опрема се состои од индикатор за правец и јачина на ветар и рачен анемометар. Индикаторот за ветар треба да е изработен од цилиндрично

платно, долго од 1,5 до 2 m поставен на висина од 2 до 3 m, на видно место, бочно од ПСП, на растојание од 25 m од делот на ПСП каде воздухопловот ја допира ПСП при слетување.

5.3 Противпожарното-спасувачко обезбедување на спортски аеродром/леталиште се состои од преннослив противпожарен апарат со сув прашок, јаглерод диоксид или други соодветни средства со тежина од 9 kg по пловидбен воздухоплов. Дополнително, на секоја позиција за паркирање на воздухоплов треба да има најмалку еден преносллив противпожарен апарат за гаснење на пожар. Противпожарниот апарат треба да биде соодветно сертифициран и одржуван. Операторот на спортски аеродром/леталиште треба да обезбеди најмалку еден човек обучен за гаснење на пожар и спасување кој задолжително ќе присуствува при полетување и слетување на воздухопловите.

5.4 (1) На спортски аеродром/леталиште треба да има опрема за спасување која опфаќа:

- прилагодлив клуч за одвртување;
- мала секира без клин;
- пила, 61 cm со резевни сечила;
- провално длето, 95 см;
- батериска ламба ;
- кука;
- огноотпорно ќебе;
- мобилна скала на извлекување со висина која одговара на типот на воздухоплов;
- челично јаже, долго 15 m;
- клешти од 17,8 cm и 25 cm;
- комплет шрафцигери;
- ножици за сечење на лим;
- моторна пила за метал - комплет со пар сечила, или–пневматско длето - комплет и резервен цилиндар, длето и еластично црево;
- алатка за сечење појаси;
- 2 пара огноотпорни ракавици(ако не е доделен на секој член на екипажот);
- апарат за дишење со резервен цилиндар (1 комплет за секе обучено лице за гасење на пожар);
- церада и
- 1 носилка.

(2) Покрај опремата за спасување од став (1) на оваа точка, операторот на спортски аеродром/леталиште треба да обезбеди и директна телекомуникација со службата за ППЗ.

5.5 Медицинското обезбедување на спортски аеродром/леталиште се состои од орман или водоотпорна торба (комплет) за прва помош согласно Дел 7, Додаток 3 на Прирачникот за аеродромски услуги (Airport Services Manual) на ICAO, и како минимум треба да содржи:

- 1 пластичен чаршаф 180x180цм со 4 клинци;
- 7 хемостатици (1 пакување со 3 и 1 пакување со 4);
- 2 големи завои(45x56цм, 56x91цм);
- 10 абдоминални завои (5 пакувања со по 2);
- 40 гази 10x10цм (4 пакувања по 10);
- 2 тврди завои (ленти кои се користат при земање крв);
- 1 цевка за вештачко земање на воздух;
- 3 цевки за вештачко земање на воздух за една употреба (бр.2, бр. 4 и бр.5);
- 1 пумпица со 2 катетери (бр.12 и бр. 14FR);
- 2 големи ножици за сечење на завој;
- 20 шприцови за една употреба со бр. 25GA 1.6цм игла;
- 12 еластични завои со штипки (2x15цм, 4x7,5цм, 6x5цм);
- 12 пакувања на памук за алкохол;
- 4 ролни завој од газа (2x7.5цм, 2x5цм);
- 2 ролни самолеплива лента;
- 4 гази со вазелин (15цмx91цм);
- Кутија со 100 ханзапласти;
- 1 апарат за мерење на притисок;
- 2 табли за пишување (22x28цм);
- 6 моливи;
- Доволен број идентификациски таблички;
- 1 сет од надувувачки имобилизатори;
- 1 сет за вештачко дишење;
- 1 кратка даска за р'бет;
- 1 лампа на батерии;
- 2 имобилизатор за врат;
- 1 стапче за загризување;
- 1 душек за имобилизација и
- Медицинска водоотпорна торба/куфер.

Дополнително, операторот на спортски аеродром/леталиште треба да обезбеди и директна телекомуникација со службата за итна медицинска помош.

**6. Визуелни знаци за навигација**

6.1 ПСП се означува со ознаки кои може да бидат фиксни или подвижни. Фиксни ознаки се аголници и траки (ограничители). Подвижни ознаки се знаменца, конуси или слично со висина која оневозможува контакт на елисата на воздухопловот со ознаката.

6.2 Кога ПСП е означена со фиксни ознаки, праговите на ПСП се означени со аголници, чии краци се долги најмалку 3 m и широки најмалку 0,9 m. Бочните рабови на ПСП се означени на секои 50 m со траки (ограничители) долги најмалку 3 m и широки најмалку 0,9 m.




Слика 1. Димензии на аголници и траки

6.3 Аголниците и траките од точките 6.1 и 6.2 на овој прилог, може да бидат од бетон, чакал, кршен камен или друг соодветен материјал. Тие треба да бидат во бела боја. Аголниците и траките треба да бидат проодни и во иста рамнина со ПСП, односно на ниво на ПСП.

6.4 Кога ПСП е означена со подвижни ознаки – знаменца или конуси, на аглите на ПСП се поставува по едно црвено знаменце или конус. Бочните рабови на ПСП се означуваат на секои 50 m со црвено-бели знаменца. Димензиите на знаменцата треба да бидат 50 cm x 40 cm, а конусите со висина до 50 cm. Подвижните ознаки-знаменца или конуси треба да бидат изработени од лесен материјал кој не може да ја загрози безбедноста на воздухопловот или да предизвикува негово оштетување и се поставуваат на лесно кршлива основа.



Слика 2. Видови и димензии на знаменца и конуси

6.5 Ознаките на бочните рабови на ПСП треба да бидат распоредени така што од двата прага до средината на ПСП се зема во предвид пропишаното растојание од 50 m. Ознаките најблиску до центарот на ПСП може да се на пократко растојание едни од други.

6.6 Индикаторот за правец на слетување треба да биде во форма на буквата Т и да е поставен на видно место, изработен од платно или друг соодветен материјал, во бела боја со должина од најмалку 4 m и широчина од 0,4 m.




Слика 3. Индикатор за правец на слетување

6.7 Доколку аеродромот се користи ноќе, тогаш истиот треба да има и:

- Светилник за идентификација на аеродромот (Aerodrome beacon) поставен во непосредна близина на аеродромот, во област со ниско амбиентално осветлување. Светилникот не треба да е затскриен од објекти и не може да го заслепува пилотот на воздухопловот кој приоѓа кон аеродромот. Светилникот треба да емитува одблесоци на светлина со бела боја или комбинација на бела и зелена со 20-30 блескања во минута и ефективен интензитет од најмалку 2.000cd,

- Индикатор за правец и јачина на ветар кој треба да е осветлен и

- ПСП означена со светла кои можат да бидат надземни или вградени, фиксни или мобилни (Portable Airfield Lights), кои не треба да го заслепуваат пилотот при слетување, полетување или движење со воздухопловот и со кои се обележуваат:

а) Рабовите на ПСП со поставување на светла кои емитираат светлина со бела боја со интензитет од 25-50cd (зависно од амбиенталното осветлување на околината на аеродромот) и се поставуваат на секои 50m-100m по рабовите на ПСП,

б) Приодот кон ПСП, во должина од 420m од прагот со поставување на линиски насочени светла во црвена боја со јачина од најмалку 200cd, поставени на меѓусебни растојанија од 60м и една пречка поставена на 300m од прагот која се состои од шест светла (по три од двете страни на централната линија на ПСП),

в) Крајот на ПСП со најмалку шест светла кои зрачат светлина со црвена боја насочена во правец на ПСП кои се поставени под прав агол во однос на централната линија на ПСП колку што е можно поблиску до крајот на ПСП и

г) Прагот на ПСП со најмалку шест светла кои зрачат светлина со зелена боја, поставени под прав агол во однос на централната линија на ПСП.

6.8 Со црвени знаменца се обележуваат сите надземни структури, предмети, препреки, дрвја и/или други опасни места надвор од ПСП во зоната на полетување, кои можат да го загрозат летот.

6.9 Како препреки се обележуваат сите објекти/надземни структури кои ги пробиваат заштитните рамнини.

6.10 Патеките за возење и просторот наменет за паркирање на воздухоплови се обележува со жолти знаменца.

6.11 Кога спортски аеродром/леталиште не ги исполнува условите за безбедно користење, ПСП треба да биде означена со бела ознака „X“ поставена на земја, изработена од платно или друг соодветен материјал, со ленти долги најмалку 6 m и широки најмалку 0,9 m.

6.12 Кога патеката за возење не ги исполнува условите за безбедно користење, истата се означува со жолта ознака „X“ поставена на земја, изработена од платно или друг соодветен материјал, со ленти долги најмалку 6 m и широки најмалку 0,9 m.




Слика 4. Означување на спортски аеродром/леталиште кој не ги исполнува условите за безбедно користење

7. Операторот на спортскиот аеродром/леталиште, како и операторот на воздухоплов кој ги користи истите треба да ја извести Агенцијата за секој настан поврзан

со безбедноста на воздушниот сообраќај, односно за секоја повреда на прописите од областа на воздухопловството, настанати за време на операциите на тој аеродром или леталиште.

**Поддел III –Посебни услови за спортски аеродроми**

По исклучок од точка 3.1 на овој прилог, посебните услови за изградба, одржување и користење на спортски аеродроми со тревната ПСП кои се користат за VFR летови и на кои не се даваат ATM/ANS услуги и на спортски аеродроми на вода, како и постапката за добивање на одобрение за безбедно користење на спортски аеродром се дадени во Додаток 1 кој е составен дел на овој прилог.

**Подел IV - Посебни услови за леталишта**

Посебните услови за изградба, одржување и користење на леталишта, како и постапката за добивање на одобрение за исполнување на условите за безбедно користење на леталиште (во натамошниот текст: одобрение за безбедно користење на леталиште) се дадени во Додаток 2, кој е составен дел на овој прилог.

Додаток 1

**Посебни услови за спортски аеродроми**

**1. Посебните услови за изградба на спортски аеродроми со тревната ПСП кои се користат за VFR летови со некомплексни воздухоплови и на кои не се даваат ATM/ANS услуги**

1.1 Спортски аеродром со тревната ПСП кој се користи за VFR летови со некомплексни воздухоплови и на кој не се даваат ATM/ANS услуги (во понатамошниот текст: спортски аеродром) може да се користи во согласност со овој правилник и Прирачникот на спортскиот аеродром, доколку тоа го дозволуваат можностите на тие воздухоплови и карактеристиките на летот.

1.2 На спортски аеродром може да се вршат:

- воздухопловно спортски активности;
- обука за стручно оспособување на персонал во воздухопловството со некомплексни воздухоплови;
- специјализирани и некомерцијални летачки операции со некомплексни воздухоплови и
- воведни летови со некомплексни воздухоплови.

1.3 Зоната на спортски аеродром не може да се протега на подрачје на друг аеродром, освен ако со договор меѓу аеродромските оператори е регулирано безбедно користење на површините што се преклопуваат.

1.4 Спортски аеродром може да се наоѓа во контролираниот воздушен простор (CTR) на Република Северна Македонија, доколку е добиена претходна согласност од надлежната контрола на летање, која ги утврдува безбедносните барања и услови за работа на аеродромот.

**2. Посебни услови за изградба и обележување на аеродроми на вода**

2.1 Спортски аеродром на вода треба да ги исполни следните услови:

- минималната должина на пловниот канал за слетување и полетување на хидроавиони треба да изнесува 1500 метри, додека минималната широчина треба да изнесува 150 метри;
- минималната длабочина и најголемата дозволена висина на бранови за пловниот канал за слетување и полетување на хидроавиони, се одредуваат врз основа на техничките карактеристики на хидроавионот за кој аеродромот на вода е проектиран;
- минималната широчина на основната патека за пловниот канал треба да изнесува 300 метри, додека должината треба да е за 150 метри поголема од должината на пловниот канал сметано од двата негови краеви;
- минималната широчина на каналот кој ги поврзува пловниот канал за слетување и полетување со пристаништето треба да изнесува 45m, а широчината на неговата основна патека треба да изнесува 75m;
- на аеродромот на водена површина треба да се обезбеди површина за пристанување и закотвување наменета за прифат и отпрема на хидроавиони, патници, багаж и стока, како и за паркирање и одржување на хидроавиони;
- површината од потточка 5 на оваа точка треба да биде доволна за безбедно пристанување и закотвување на потребниот број на хидроавиони, за да се обезбеди сигурно растојание од најмалку 7,5m помеѓу хидроавионите и помеѓу хидроавионите и сите други објекти и
- стандардната ознака на аеродромите на водена површина е дадена на Слика 1, изработена во жолта боја, обрабена со црн раб со широчина од 15 cm и се поставува на рамна површина на аеродромите на водена површина или на објекти во нивна непосредна близина на начин да биде лесно воочлива од воздух.




Слика 1: Ознака на аеродром на водена површина

**3. Одржување и користење на спортски аеродром**

3.1 Операторот на спортски аеродром треба да го ограничи движењето на луѓе, животни и возила долж ПСП и ОП кога на аеродромот има воздухопловни активности.

3.2 Операторот на спортски аеродром треба да изврши проверка на маневарските и оперативните површини на аеродромот најмалку 30 минути пред првото користење. Резултатите од извршената проверка се евидентираат согласно процедурата за вршење проверки која е дел од Прирачникот за спортскиот аеродром. Исто така, операторот на спортски аеродром треба да воспостави процедури и да врши редовни дневни проверки на маневарските и оперативните површини и објектите.

3.3 Операторот треба да ги одржува маневарските и оперативните површини така што ќе спречи и отстрани појава на FOD што може да предизвика оштетување на воздухопловите, а доколку дојде до појава на кртичници, истите треба веднаш да се порамнат и затреват.

3.4 Операторот треба да ја одржува ПСП, патеките за возење и платформите така што ќе преземе мерки да не дојде до нивно оштетувања и деформации.

3.5 Сите тревнати маневарски површини на аеродромот треба да се стабилизирани.

3.6 Рамноста на површината на ПСП не може да отстапува за повеќе од ±3 cm по целата должина на ПСП, мерено со летва од 3 m. Рамноста на тревната ПСП се проверува со возење по ПСП со возило со брзина од 60-90 km/h, при што не треба да се чувствуваат дупки и депресии, а возилото треба да ја задржи саканата насока.

3.7 Тревата на ПСП не смее да биде повисока од 15 cm, односно 10 cm кога ПСП се користи за ултралесни воздухоплови.

3.8 ОП треба да биде стабилизирана и чиста, без препреки, освен уреди и опрема неопходни за безбедно функционирање на воздушниот сообраќај.

3.9 Тревата во рамки на ОП не може да биде повисока од 30 cm, односно 20 cm за ултралесни воздухоплови.

3.10 Визуелните знаци и опремата на аеродромот треба да се одржуваат во исправна состојба која овозможува безбедно полетување и слетување на воздухоплови, односно треба да се поправат или заменат со нови штом станат неупотребливи, односно недоволно воочливи.

3.11 Операторот на спортски аеродром треба да врши обновување на бојата на аголниците и траките (ограничители) од точка 6 на Прилог 2, кога нивната воочливост ќе се намали најмногу за 30%.

3.12 Операторот на спортски аеродром треба да воспостави и спроведува процедури за:

- известувања за настани од значење за безбедноста до Агенцијата;
- план за вонредни постапки;
- спасување и ППЗ;
- контрола на оперативните и маневарските површини;
- контрола на визуелните средства;
- контрола на површините за ограничување на препреки;
- одржување на опрема, објекти и инсталации во оперативна зона;
- управување со безбедноста на платформа;
- контрола на движење на лица и возила во оперативна зона;
- контрола на препреки;
- изведување на работи за тековно и инвестиционо одржување;
- отстранување на онеспособен воздухоплов;
- вршење на проверки и евиденција на истите и
- објавување и ажурирање на податоците за спортскиот аеродром доколку податоците за истиот се објавени во AIP.

3.13 Операторот на спортски аеродром треба да го процени ризикот од судири со животни и птици на аеродромот и во неговата околина и врз основа на наодите да воспостави средства и процедури за намалување на ризикот од судир на воздухоплов со птици/животни.

3.14 Операторот на спортскиот аеродром во Прирачникот за спортскиот аеродром, треба да го наведе управителот на аеродромот. Доколку на спортскиот аеродром се изведува обука, за времетраење на обуката, управителот треба да биде постојано присутен и да биде опремен и обучен за ракување со задолжителната опрема од точка 5 од Прилог 2 на овој правилник и со средствата за комуникација со воздухопловот.

3.15 Операторот на спортскиот аеродром во Прирачникот за спортскиот аеродром треба да ги наведе корисниците на маневарските површини и инфраструктурата на спортскиот аеродром кои се постојано базирани на аеродромот и да го дефинира начинот на координација на активностите помеѓу корисниците.

3.16 Операторот на спортскиот аеродром е должен на сите правни или физички лица кои имаат воздухоплови и објекти кои граничат со аеродромскиот комплекс, да им овозможи пристап и непречено користење на маневарските површини и инфраструктурата на аеродромот.

**4. Постапка за добивање на одобрение за безбедно користење на спортски аеродром**

4.1 На спортски аеродром кој ги исполнува пропишаните услови за изградба, спасување и противпожарна заштита, медицинска заштита, заштита на воздушниот сообраќај и другите услови од овој додаток, Агенцијата му издава одобрение за безбедно користење на спортскиот аеродром.

4.2 Со цел издавање на одобрението од потточка 4.1 на оваа точка се поднесува барање (објавено на веб страницата на Агенцијата) за издавање на одобрение за безбедно користење на спортски аеродром и упис на аеродромот во Регистарот на аеродроми кој го води Агенцијата.

4.3 Барањето од потточка 4.2 на оваа точка се поднесува до Агенцијата од страна на операторот на спортскиот аеродром, најмалку 60 дена пред планираната дата на отпочнување на користење на истиот. Во прилог на барањето се приложува следната документација:

- проектна документација, градежна или употребна дозвола, доколку тоа го бараат прописите со кои се регулира градбата;
- согласност за заштита на животната средина за спортски аеродром за кој не е потребна градежна дозвола, доколку тоа го бараат прописите што ја регулираат заштитата на животната средина;
- имотен лист и доказ за право на користење на земјиштето на кое се наоѓа аеродромот, доколку операторот не е сопственик на земјиштето или доколку доставената употребна дозвола не се однесува на барателот;
- прирачник за спортскиот аеродром кој е претходно одобрен од Агенцијата, во печатена и електронска форма изработен според содржината дадена во точка 5 на овој додаток;
- доказ дека лицето одговорно за организација на сообраќајот на аеродромот има најмалку двегодишно искуство во воздушниот сообраќај;
- воздухопловни студии доколку се отстапува од одделни прописи, стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството, со кои се докажува дека отстапувањата нема негативно да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и
- доказ за платена административна такса и надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата.

4.4 Доколку се исполнети условите од овој додаток, Агенцијата издава одобрение за безбедно користење на спортски аеродром кое може да биде:

а) трајно, без временски рок на важење, во случај кога се исполнети сите пропишани услови за издавање на истото, или

б) привремено, со временски рок на важење, во случај кога безбедноста на воздушниот сообраќај не е загрозена иако не се исполнети сите пропишани услови за издавање на одобрението, за што операторот на спортскиот аеродром доставува до Агенцијата план за спроведување на корективните мерки одобрен од Агенцијата и со тоа потврдува дека сите идентификувани и документирани неусогласености ќе бидат елиминирани до истекот на привременото одобрение. Ваквите одобрени отстапувања од пропишаните услови се наведуваат во спецификацијата со условите за користење на спортскиот аеродром.

4.5 Доколку спортскиот аеродром престане да исполнува кој било од условите под кои е издадено одобрението за безбедно користење на спортскиот аеродром, истото може да биде повлечено.

4.6 Одобрението за безбедно користење на спортскиот аеродром се издава на образец кој е составен дел на овој додаток.

**5. Прирачник за спортски аеродром**

5.1 Операторот на спортски аеродром изготвува и одржува Прирачник за спортскиот аеродром.

5.2 Прирачникот за спортскиот аеродром треба да е отпечатен или достапен во електронска форма и да може лесно да се ревидира.

5.3 Секоја нова верзија/ревизија, промена на Прирачникот за спортскиот аеродром, операторот на спортски аеродром треба да ја достави на одобрување до Агенцијата.

5.4 Податоците во Прирачникот за спортскиот аеродром, треба да бидат постојано ажурирани за што е потребно операторот да има воспоставен систем за записи на валидноста на страните и измените и да биде организиран на начин кој ќе го олесни неговото подготвување, ажурирање и одобрување.

5.5 Операторот на спортски аеродром треба да обезбеди во електронска или во печатена форма по еден комплетен примерок или дел од Прирачникот за спортскиот аеродром за одговорните лица за безбедност, одржување и организација на сообраќај, соодветно на нивните должности.

5.6 Прирачникот за спортскиот аеродром, треба да биде секогаш достапен на овластените лица и воздухопловните инспектори од Агенцијата за потреби на проверки или инспекциски надзори кои ги спроведуваат на аеродромот.

5.7 Операторот на спортскиот аеродром треба да им достави примерок од Прирачникот за спортскиот аеродром, во електронска или печатена форма, на сите правни и физички лица кои имаат воздухоплови и објекти кои граничат со аеродромскиот комплекс и ги користат маневарските површини и инфраструктурата на спортскиот аеродром, како и на оние кои се постојано базирани на аеродромот.

5.8 За точноста на податоците за аеродромот и ажурирање на Прирачникот за спортскиот аеродром, одговорен е операторот на аеродромот.

5.9 Прирачникот за спортскиот аеродром го потпишува одговорниот управител на аеродромот.

5.10 Содржината на Прирачникот за спортскиот аеродром треба да е во согласност со основата за добивање на одобрението за безбедно користење на спортскиот аеродром и да ги содржи неопходните информации за безбедно користење, работење и одржување на аеродромот, неговата опрема и заштитните зони и рамнини, како и останати површини поврзани со аеродромот.

5.11 Прирачникот за спортскиот аеродром како минимум треба да содржи:

| | | |
|---|---|---|
| А. | Евиденција за изготвувачот *(со потпис, печат и сл.)* | |
| Б. | Листа на дистрибуција на примероци од документот | |
| В. | Евиденција на ревизии на документот | |
| Г. | Основна содржина: | |
| | 1 | Општо |
| | 2 | Податоци за локацијата |
| | 3 | Податоци за аеродромот *(согласно точка 4, Поддел I, Дел два од овој прилог)* |
| | 4 | Оперативни процедури наведени во точка 3.12 |
| | 5 | Аеродромска администрација |
| | 6 | Правила на однесување на аеродромот |
| | 7 | Листа на планови, програми, прирачници, упатства и сл. за оперирање на аеродромот |
| | 8 | Одобрени отстапувања/ограничувања |
| Д. | УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АЕРОДРОМОТ<br>- Општо<br>- Организација на летањето<br>- Постапки при летање<br>- Прилози -аеродромски карти<br>o Воздухопловни карти<br>- Местоположба на аеродромот 1:500 000<br>- Реон на аеродромот 1:100 000<br>- Ограничувања 1:100 000<br>- Влезно/излезни капии 1:100 000<br>o Географски и топографски карти<br>- Рамнини за ограничување на препреки 1:25 000<br>- Ситуација 1:2500; 1:5000 или 1:10000<br>- Приказ на оперативно/маневарски површини 1:1000 или 1:2500<br>- Приказ на приодно/одлетни рамнини 1:5000 или 1:10 000 | |

**6. Обврски на операторот на спортски аеродром**

6.1 Операторот на спортски аеродром е одговорен за безбедно работење и одржување на истиот согласно неговата намена и капацитет, како и согласно:

- одредбите на Законот за воздухопловство и овој правилник;

- оперативни директиви издадени од Агенцијата;

- спецификацијата на услови за користење на спортскиот аеродром;

- одредбите од Прирачникот за спортскиот аеродром и

- другите упатства, планови, програми и прирачници кои се однесуваат на оперирање со аеродромот и кои операторот треба да ги поседува согласно законските прописи.

6.2 Операторот на спортски аеродром треба:

а) да го користи истиот согласно важечките прописи и Прирачникот за спортскиот аеродром,

б) да овозможи пристап на овластени лица на Агенцијата до спортскиот аеродром заради следење на безбедносните и заштитните мерки како и техничката и оперативната состојба на истиот,

в) да овозможи непречено користење на маневарските површини и инфраструктурата на спортскиот аеродром, на сите оператори со воздухоплови, доколку истите се соодветни за типот на воздухопловот и видот на операциите,

г) да ги отстрани препреките од површината на спортскиот аеродром што можат да претставуваат закана за безбедноста на летање и

д) да објави во AIP информации кои се релевантни за безбедноста на летањето, како и предупредувања за итни случаи (планирани промени на објектите, опремата, нивоата на услуги, можните препреки, опасности и невообичаени услови на оперативните површини, итн.) доколку податоците за аеродромот се објавени во AIP.

6.3 Доколку дојде до појава на услови кои го загрозуваат безбедното користење на аеродромот, операторот треба веднаш да преземе мерки со кои ќе спречи користење на деловите од аеродромот за кои е утврдено дека претставуваат опасност по безбедноста.

6.4 Доколку настанат одредени промени во однос на:

- операторот на спортскиот аеродром;

- намената или начинот на користење на спортскиот аеродром и/или

- границите на спортскиот аеродром,

- декларираните растојанија,

операторот на аеродромот треба да поднесе барање до Агенцијата за одобрување на промена на податоците наведени во одобрението за безбедно користење на спортскиот аеродром, најмалку 30 дена пред датумот кога се планира да се отпочне со промената. Кон барањето се поднесува:

- доказ за платена административна такса и надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата и

- доказ дека се исполнети пропишаните услови за промена на одобрението за безбедно користење на спортски аеродром.

6.5 За пренос на одобрението за безбедно користење на спортски аеродром, новиот оператор поднесува до Агенцијата барање за пренос најдоцна 30 дена пред планираниот пренос на одобрението од моменталниот оператор на аеродромот. Кон барањето за пренос на одобрението за безбедно користење на спортски аеродром, новиот оператор поднесува:

- имотен лист, договор за користење или друга исправа со која се докажува правото на користење на спортскиот аеродром и

- доказ за платена административна такса и надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата.

6.6 За преносот од потточката 6.5 на оваа точка, моменталниот оператор на спортскиот аеродром треба да ја извести Агенцијата дека ќе престане да оперира со аеродромот најмалку 30 дена пред планираниот престанок со оперирање. Се до завршување на постапката за пренос на одобрението на безбедно користење на спортскиот аеродром, моменталниот оператор на аеродромот е одговорен за неговото безбедно користење.

6.7 Операторот на аеродромот треба лицата кои го користат аеродромот да ги запознае со правилата за полетување, слетување и таксирање на воздухоплови и со Прирачникот за спортскиот аеродром.

6.8 Операторот треба да:

- ја прегледува содржината на Прирачникот за спортскиот аеродром и да го дополнува и менува доколку е потребно;

- ги вклучува сите промени и корекции што ги бара Агенцијата и

- го информира персоналот на аеродромот и останатиот персонал на соодветната организација за промените поврзани со нивните задачи и обврски.

6.9 Доколку операторот на аеродромот има намера да престане со вршење на операции на тој аеродром, истиот треба:

- да ја извести Агенцијата за тоа што е можно поскоро;

- да го врати одобрението за безбедно користење на спортски аеродром на Агенцијата најдоцна до датумот кога престанува со користење на аеродромот и

- да обезбеди преземање соодветни мерки за да се спречи користење на тој аеродром, освен ако Агенцијата не одобри користење на аеродромот за други цели.

6.10 Операторот на аеродромот треба да обезбеди координација и интеграција на безбедносните процедури на останатите субјекти кои го користат аеродромот или вршат активности/услуги на аеродромот со процедурите пропишани во Прирачникот за спортскиот аеродром.

6.11 Операторот треба да води евиденција за сите активности кои произлегуваат од овој додаток.

6.12 Операторот треба да ја чува следната документација:

- евиденцијата од извршени прегледи и проверки, како и извештаите, записниците, решенијата и сл. од инспекциски надзори се чуваат најмалку пет години,

- одобрението за безбедно користење на спортски аеродром се чува трајно, додека привременото одобрение се чува до истекот на неговата важност,

- договорите со други организации се чуваат се додека се во важност и

- упатствата/прирачниците за опремата или системите што се користат се чуваат се додека истите се во употреба.

**ПРИЛОГ КОН ДОДАТОК 1:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

***О Д О Б Р Е Н И Е***

***ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА***

***СПОРТСКИ АЕРОДРОМ***

*РЕГИСТАРСКА ОЗНАКА ................................;* *ICAO кодна ознака............................................*

НАЗИВ НА СПОРТСКИОТ

АЕРОДРОМ.........................................................................................................

ОПЕРАТОР НА СПОРТСКИОТ

АЕРОДРОМ..................................................................................................

КООРДИНАТИ И НАДМОРСКА ВИСИНА НА РЕФЕРЕНТНА ТОЧКА НА АЕРОДРОМОТ:

WGS 84: .................................N; .................................E

ДКС: X: 4.............................. .;Y: 7..............................

Надморска висина .......................метри;

Ова одобрение е издадено согласно Законот за воздухопловство и подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за воздухопловство.

Во текот на важењето на ова одобрение, спортскиот аеродром треба континуирано да ги исполнува пропишаните услови за безбедно користење и условите дадени во спецификацијата кон ова одобрение.

Уп. Број. ...............................................................

место и датум ...............................................          ДИРЕКТОР

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА УСЛОВИ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ АЕРОДРОМ:**

..........................................................................................................................................................................................
*(назив на спортскиот аеродром)*

..........................................................................................................................................................................................
*(адреса/седиште на спортскиот аеродром)*

..........................................................................................................................................................................................
*(управител на спортскиот аеродром)*

Согласно Законот за воздухопловство и Правилникот за аеродроми и препреки, Агенцијата за цивилно воздухопловство издава одобрение за безбедно користење на спортскиот аеродром со:

- Декларирани растојанија:

TORA __________m, TODA _________m, ASDA__________m и LDA __________m

- ВФР ден/ноќ ...........................................................................................................
- Оперативни минимуми.........................................................................................
- Димензии на ПСП................................, вид на подлога ................................
- Правец на простирање .........................................................................................
- Димензии на ОП...................................................................................
- Површина на аеродромскиот комплес (по ИЛ) .............................................

**За следните намени:**

☐ Некомерцијални операции/ Воздухопловно-спортски активности,

☐ Комерцијални операции,

☐ Специјализирани операции,

☐ Обука на персонал во воздухопловството,

☐ Друго

**под следните услови:**

**А. СТАНДАРДНИ УСЛОВИ:**

1. Одобрението е издадено за безбедно користење на спортски аеродром за наведените намени и во време на отвореност за полетување и слетување на воздухоплови аеродромот ќе биде достапен за сите корисници под еднакви услови.
2. Спортскиот аеродром може да се користи само под услови под кои е издадено одобрението и согласно стандардите, препорачаните практики и процедурите содржани во Прирачникот за спортскиот аеродром.

3. Спортскиот аеродром не треба да се користи без обезбедена опрема за спасување, противпожарна заштита и итна медицинска помош.
4. Секоја промена на физичките карактеристики на спортскиот аеродром вклучително и изградба на нови објекти кои можат да влијаат на безбедноста и обезбедувањето на воздушниот сообраќај како и доградба на постојните објекти, не може да се извршат без претходна согласност со услови за градба издадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Б. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ И ОТСТАПУВАЊА:**

| | |
|---|---|
| **Дополнителни услови:** | |
| **Одобрени отстапувања:** | |

Додаток 2

**Посебните услови за изградба, одржување и користење на леталишта**

**1. Општо**

1.1 Леталиште може да се користи за летање со некомплексни воздухоплови доколку тоа го дозволуваат нивните можности и карактеристиките на летот.

1.2 На леталиште може да се врши:

- обука за стручно оспособување на персонал во воздухопловството со некомплексни воздухоплови,
- специјализирани и некомерцијални летачки операции со некомплексни воздухоплови и
- воведни летови со некомплексни воздухоплови.

**2. Зона на леталиште и заштитни рамнини**

2.1 Зоната на леталиштето се определува заради безбедност на воздушниот сообраќај.

2.2 Зоната на леталиште е круг со радиус од 500 m, продолжен за половина од должината на ПСП со центар во геометрискиот центар на ПСП.

2.3 Зоната на леталиштето не може да се протега на подрачје на друго леталиште, освен ако со меѓусебен договор е регулирано безбедно користење на површините што се преклопуваат.

2.4 Леталиште може да се наоѓа во зона на спортски аеродром доколку има претходна согласност од операторот на аеродромот. Операторот на аеродромот ги одредува безбедносните барања и условите за работа на леталиштето.

2.5 Леталиште може да се наоѓа во контролираниот воздушен простор (CTR) на Република Северна Македонија, доколку е добиена претходна согласност од надлежната контрола на летање, која ги утврдува безбедносните барања и условите за работа на леталиштето.

2.6 Заштитни рамнини на леталиште се приодните, одлетните и бочните рамнини.

2.7 Нагибот на приодно/одлетните рамнини кои почнуваат од работ на ОП изнесува 5% на должина од 500 m, а дивергенцијата на нивните бочни страни изнесува 10%.

2.8 Нагибот на бочната рамнина која почнува од работ на ОП е 50% на ширина од 50 m.

2.9 Заштитните рамнини не смеат да бидат пробиени со никаква препрека.







Слика 1. Димензии на леталиште со приодни, одлетни и бочни рамнини и нивните нагиби

**3. ПСП**

3.1 На ПСП не треба да има било какви препреки или FOD.

3.2 Должината на ПСП не треба да биде помала од 200 m, односно 300 m ако на леталиштето се врши обука.

3.3 Ширината на ПСП на леталиштето треба да биде најмалку 20 m.

3.4 Површината на ПСП на копно треба да биде стабилизирана.

3.5 Рамноста на стабилизирана површина на ПСП не треба да отстапува за повеќе од ±3 cm по целата должина на ПСП, мерено со летва од 3 m. Рамноста на тревната ПСП се проверува со возење по ПСП со возило со брзина од 60 km/h, при што не треба да се чувствуваат дупки и депресии и возилото треба да ја задржи саканата насока.

3.6 Подолжниот и попречниот нагиб на ПСП треба да надминува 3%.

3.7 Тревата на ПСП не треба да биде повисока од 15 cm или 10 cm кога ПСП се користи од ултралесни воздухоплови.

3.8 ПСП може да се покрие со бетон или асфалт.

3.9 При изградба/реконструкција на леталиште и уредување на околниот терен, изградба на бетонска или асфалтна ПСП, како и други објекти во рамките на леталиштето, треба да се земат во предвид прописите и стандардите од областа на градење и планирање на просторот.

**4. ОП**

4.1 ОП треба да биде стабилизирана и широка најмалку 40 m.

4.2 Во рамки на ОП не треба да има препреки, освен уреди и опрема неопходни за безбедно функционирање на воздушниот сообраќај.

4.3 ОП започнува најмалку 20 m пред прагот на ПСП.

4.4 Тревата во рамки на ОП не треба да биде повисока од 30 cm, односно 20 cm кога ПСП се користи за ултралесни воздухоплови.

**5. Дополнителни барања и исклучоци за леталишта на вода**

5.1 На леталишта на вода, длабочината на водата во ОП треба да биде најмалку 1,5 m при најниско ниво на вода што може да се очекува, додека ширината на ОП не треба да биде помала од 50 m.

5.2 ОП на леталиште на вода се означува со бели пловки кои се поставуваат на секои 50 m. Аглите на ОП се означуваат со црвени пловки. Пловките треба да бидат кружни или конусни со дијаметар од најмалку 50 см. Пловките треба да бидат цврсто прицврстени на дното

и да се поставени така што ќе имаат противтежа што ќе го компензира нивното движење поради движењето на водата. Местото за паркирање се означува со жолта боја.

5.3 Леталиштето на вода како минимум треба да има моторен чамец, мегафон, нож, весла, јаже долго најмалку 10 m и најмалку четири спасувачки чамци.

### 6. Одржување и контролирање на леталиште

6.1 Операторот на леталиште треба да го користи и одржува леталиштето во согласност со одредбите од овој додаток и Упатството за користење на леталиштето, се додека не настапат околности кои ги менуваат условите за безбедно полетување и слетување на воздухоплови.

6.2 За точноста на податоците и ажурирање на Упатството за користење на леталиштето е одговорен операторот на леталиштето.

6.3 Доколку дојде до каква било промена на леталиштето или неговата околина, што ќе влијае или може да влијае врз безбедноста на воздушниот сообраќај, операторот на леталиштето треба да го забрани користењето на тоа леталиште, соодветно да го означи и да ја извести Агенцијата.

6.4 Леталиштето може да го користат само лица кои се претходно запознаени со Упатството за користење на леталиштето и правилата за полетување, слетување и таксирање на воздухоплови.

6.5 Операторот на леталиштето во Упатството за користење на леталиштето треба да го наведе управителот на леталиштето. Доколку на леталиштето се изведува обука, за времетраење на обуката, управителот треба да биде постојано присутен и да биде опремен и обучен за ракување со опремата и средствата за комуникација со воздухопловот.

6.6 Операторот на леталиштето треба да го ограничи движењето на луѓе, животни и возила долж ПСП и ОП кога на леталиштето има воздухопловни активности.

6.7 Операторот на леталиштето треба да изврши проверка на маневарските и оперативните површини на леталиштето најмалку 30 минути пред првото користење.

6.8 Управителот на леталиштето треба да воспостави мерки и постапки со кои се овозможува непречена комуникација помеѓу операторите на воздухоплов доколку постои истовремено користење/операции на леталиштето. Операторите на воздухопловите се одговорни за соодветната координација на активностите поврзани со конкретните операции на леталиштето.

### 7. Постапка за добивање на одобрение за безбедно користење на леталиште

7.1 На леталиште кое ги исполнува пропишаните услови за изградба, спасување и противпожарна заштита, медицинска заштита, заштита на воздушниот сообраќај и другите услови од овој додаток, Агенцијата му издава одобрение за безбедно користење на леталиштето.

7.2 Постапката за издавање на одобрение започнува со поднесување на барање за издавање на одобрение за безбедно користење на леталиште и упис на леталиштето во Регистарот на леталишта кој го води Агенцијата.

7.3 Барањето од потточка 7.2 на оваа точка се поднесува до Агенцијата од страна на операторот на леталиштето најмалку 60 дена пред планираната дата на отпочнување на користење на леталиштето. Во прилог на барањето се приложува следната документација:

- градежна или употребна дозвола, доколку тоа го бара законот со кој се уредува градбата;
- согласност за заштита на животната средина за леталиште за кое не е потребна градежна дозвола или за леталиште кое не е објект, доколку тоа го бараат прописите што ја регулираат заштита на животната средина,
- доказ за право на користење на земјиштето на кое се наоѓа леталиштето, доколку операторот не е сопственик на земјиштето или доколку доставената употребна дозвола не се однесува на барателот,
- упатство за користење на леталиштето,
- податоци за локацијата, односно назив на областа како и најблиската населба, географски координати на референтната точка (WGS-84), потврдени со геодетски елаборат од овластен геодет од Агенцијата,
- изјава на барателот дека физичките карактеристики на леталиштето се во согласност со техничките барања на воздухопловот што ќе го користи леталиштето,
- ситуационен план (карта) на леталиштето, со наведен размер и краток опис на површината (земја, трева, бетон, асфалт-бетон или друго), најдобри правци за приод, слетување и полетување, како и препреки (што може да влијаат на безбедноста на операциите) во самата област, или во неговата околина,
- доказ за платена административна такса и надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата.

7.4 Одобрението за безбедно користење на леталиште се издава:

а) трајно, без временски рок на важење, во случај кога се исполнети пропишаните услови за издавање на истото, или

б) привремено, со временски рок на важење во случај кога безбедноста на воздушниот сообраќај не е загрозена иако не се исполнети пропишаните услови за издавање на одобрението за безбедно користење на леталиште, за што операторот на леталиштето доставува до Агенцијата план за спроведување на корективните мерки одобрен од Агенцијата и со тоа потврдува дека сите идентификувани и документирани неусогласености ќе бидат елиминирани до истекот на привременото одобрение. Ваквите отстапувања од пропишаните услови се наведуваат во спецификацијата со условите за користење на леталиштето.

7.5 Доколку леталиштето престане да исполнува кој било од условите под кои е издадено одобрението за безбедно користење на леталиштето, истото може да биде повлечено.

7.6 Одобрението за безбедно користење на леталиштето се издава на образец кој е составен дел на овој додаток.

**8. Упатство за користење на леталиште**

8.1 Упатството за користење на леталиштето го изработува операторот на леталиштето на образец кој е составен дел на овој додаток. Операторот на леталиштето го поднесува до Агенцијата Упатството за користење на леталиштето заедно со:

- ситуационен план на леталиштето во размер 1:50.000 или 1:25.000 со приказ на површината на леталиштето, школски круг и најблиското помало и најблиското поголемо место и
- план на леталиштето со приказ на ПСП, ОП и останата блиска инфраструктура во размер 1:5.000, во вертикална и хоризонтална проекција, со висина на препреки и останати критични објекти/места кои се под заштитните рамнини, а би можеле да ја загрозат безбедноста на воздушниот сообраќај.

8.2 Упатството за користење на леталиштето треба да им биде достапно на сите корисници и истото се објавува на интернет страната на операторот на леталиштето.

8.3 Податоците во Упатството за користење на леталиштето треба да бидат постојано ажурирани од страна на операторот на леталиштето.

**9. Обврски на операторот на леталиштето**

9.1 Операторот на леталиштето е одговорен за безбедно работење и одржување на истото согласно неговата намена и капацитет, како и согласно:

- одредбите на Законот за воздухопловство и овој правилник;
- спецификацијата на услови за користење на леталиштето;
- одредбите од Упатството за користење на леталиштето и
- другите упатства кои се однесуваат на опремата на леталиштето.

9.2 Операторот на леталиштето треба:

а) да го користи леталиштето согласно важечките прописи и упатството,

б) да овозможи пристап на овластени лица на Агенцијата до леталиштето заради спроведување на надзор,

в) да овозможи користење на леталиштето согласно условите кои ги има утврдено,

г) да ги отстрани сите препреки од површината на леталиштето доколку истите можат да претставуваат закана за безбедноста на летањето и

д) да воспостави и имплементира процедура за известувања до Агенцијата за настани од значење за безбедноста.

9.3 Доколку дојде до појава на услови кои го загрозуваат безбедното користење на леталиштето, операторот на леталиштето треба веднаш да преземе мерки да не се користат деловите од леталиштето за кои е утврдено дека претставуваат опасност по безбедноста за воздухоплов.

9.4 Доколку настанат одредени промени во однос на:

- операторот на леталиштето;
- намената или начинот на користење на леталиштето и/или
- границите на леталиштето,

операторот на леталиштето треба да поднесе барање до Агенцијата за промена на податоците наведени во одобрението за безбедно користење на леталиштето, најмалку 30 дена пред датата кога се планира да се отпочне со промената. Кон барањето се поднесува:

- доказ за платена административна такса и надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата и
- доказ дека се исполнети пропишаните услови за промена на одобрението за безбедно користење на леталиштето.

9.5 По исклучок на потточка 9.4 на оваа точка, имателот на одобрението за безбедно користење на леталиште кој врши промена во текстот или податоците на Упатството за користење на леталиштето кои не се предвидени во потточка 9.4 на оваа точка, треба да го достави до Агенцијата изменетиот Прирачник за спортскиот аеродром најдоцна во рок од десет дена од настанатата промена.

9.6 За пренос на одобрението за безбедно користење на леталиште, новиот оператор поднесува до Агенцијата барање за пренос најдоцна 30 дена пред да му истече одобрението за безбедно користење на леталиште на моменталниот оператор на леталиштето. Кон барањето за пренос на одобрението за безбедно користење на леталиште, новиот оператор поднесува:

- доказ за платена административна такса и надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата и
- доказ дека се исполнети пропишаните услови за пренос на одобрението за безбедно користење на леталиште.

9.7 За преносот од потточка 9.6 на оваа точка, моменталниот оператор на леталиштето ја известува Агенцијата дека ќе престане да оперира со леталиштето најмалку 30 дена пред планираниот престанок со оперирање.

9.8 Доколку операторот на леталиштето има намера да престане со вршење на операции на тоа леталиште, истиот треба:

- да ја извести Агенцијата за тоа што е можно поскоро;
- да го врати одобрението за безбедно користење на леталиште на Агенцијата на датумот кога престанува со користење на леталиштето и
- да обезбеди преземање соодветни мерки за да се спречи користење на леталиштето, освен ако Агенцијата не одобри користење на леталиштето за други цели.

**ПРИЛОГ КОН ДОДАТОК 2:**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

***О Д О Б Р Е Н И Е***

***ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА ЛЕТАЛИШТЕ***

*РЕГИСТАРСКА ОЗНАКА ..............................................; ICAO кодна ознака..........................................*

НАЗИВ НА

ЛЕТАЛИШТЕТО..........................................................................................................................

ОПЕРАТОР НА

ЛЕТАЛИШТЕТО..................................................................................................................

ГЕОГРАФСКИ КООРДИНАТИ и ЕЛЕВАЦИЈА НА РЕФЕРЕНТНА ТОЧКА:

WGS 84: ...............................N; ..............................E

ДКС: X: 4............................... .;Y: 7..............................

Надморска висина .......................метри;

Ова одобрение е издадено согласно Законот за воздухопловство и подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за воздухопловство.

Во текот на важењето на ова одобрение, леталиштето треба континуирано да ги исполнува пропишаните услови за безбедно користење на леталиштето и условите дадени во спецификацијата кон ова одобрение.

број ...........................................

датум и место

............................................................

**Директор**

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА УСЛОВИ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА ЛЕТАЛИШТЕ:**

.................................................................................................................................................
*(назив на леталиште)*
.................................................................................................................................................
*(адреса на леталиште)*
.................................................................................................................................................
*(управител на леталиштето)*

Согласно Законот за воздухопловство и Правилникот за аеродроми и препреки, Агенцијата за цивилно воздухопловство издава одобрение за користење на леталиштето со:

- Декларирани растојанија:

TORA _________m, TODA ________m, ASDA_________m и LDA _________m

- ВФР ден/ноќ ....................................................................................................
- Оперативни минимуми.......................................................................................
- Димензии на ПСП..............................., вид на подлога ...............................
- Правец на простирање ......................................................................................
- Димензии на ОП ...............................................................................
- Површина на аеродромскиот комплес (по ИЛ) ...........................................

**За следните намени:**

☐ Некомерцијални операции/ Воздухопловно-спортски активности,

☐ Комерцијални операции,

☐ Специјализирани операции,

☐ Обука на персонал во воздухопловството,

☐ Друго

**Под следните услови:**

**А. СТАНДАРДНИ УСЛОВИ:**

1. Одобрението за безбедно користење на леталиште е издадено за користење на леталиштето за наведените намени и во време на отвореност за полетување и слетување на воздухоплови леталиштето ќе биде достапно за сите корисници под еднакви услови.
2. Леталиштето може да се користи само под услови под кои е издадено одобрението и согласно стандардите, препорачаните практики и процедурите содржани во Упатството за леталиштето.
3. Леталиштето не треба да се користи без обезбедена опрема за спасување, противпожарна заштита и итна медицинска помош.
4. Секоја промена на физичките карактеристики на леталиштето вклучително и изградба на нови објекти кои можат да влијаат на безбедноста и обезбедувањето на воздушниот сообраќај како и доградба на постојните објекти, не може да се извршат без претходна согласност со услови за градба издадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство.

| **Б. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ И ОТСТАПУВАЊА:** | |
|---|---|
| **Дополнителни услови:** | |
| **Одобрени отстапувања:** | |

**УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛЕТАЛИШТЕ**

| |
|---|
| Назив на леталиштето |
| Рев.бр. |
| Датум на издавање |

1. ПОДАТОЦИ ЗА ОПЕРАТОРОТ

Име и презиме / име на правно лице:.............................................................................

Адреса:.........................................................................................................................

Име и презиме на одговорно лице:.................................................................................

тел.бр............................................ e-mail:..................................................

2. ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ЛЕТАЛИШТЕТО

Општина:.......................................... КО:...............................................

Координати на референтна точка: WGS84:....................................................

Координати на референтна точка: DKS:..........................................................

Надморска висина на референтната точка:.....................................................

*во прилог се доставува геодетски елаборат од извршените мерења од овластен геодет од страна на Агенцијата*

3. ПРИСТАП ДО ЛЕТАЛИШТЕТО

4. НАМЕНА НА ЛЕТАЛИШТЕТО

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПСП

Географски правец на ПСП:...............................................................................................

Бројчана ознака на праговите:...........................................................................................

Димензии на ПСП:..............................................................................................................

Димензии на ОП:................................................................................................................

Тип на коловоз:..................................................................................................................

Карактеристики на ПСП:...................................................................................................

Позиција на индикаторот за ветар:....................................................................................

Останато:

6. ПАТЕКИ ЗА ВОЗЕЊЕ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ

7. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПРПРЕКИ

8. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОПРЕМА

9. СНАБДУВАЊЕ СО ГОРИВО И МАЗИВО

10. ПРАВИЛА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛУЃЕ, ВОЗИЛА И ЖИВОТНИ

11. ПРАВИЛА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛЕТАЊЕ

| |
|---|
| |

12. ПОВРШИНА НА ЛЕТАЛИШТЕТО (Имотен Лист)

| |
|---|
| |

13. ОПЕРАТИВНИ МИНИМУМИ

| |
|---|
| |

14. ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ ЗА ЛЕТАЊЕ

| |
|---|
| |

15. ПРОЦЕДУРИ ЗА ИТНИ ПОСТАПКИ И ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО АЦВ ЗА НАСТАНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА

| |
|---|
| |